# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2016 - 2017

## Здружение за едукација активизам и развој, Скопје

Website Facebook LinkedIn

# Визија

Младите во партнерство со возрасните активно учествуваат во општествените процеси, преземаат лична одговорност за моменталната состојба и преку континуиран личен развој придонесуваат за подобро општество.

# Мисија

Мисијата на ЛЕАД е да ги детектира и да дава одговор на состојбите и потребите на општеството, преку креирање институционални промени, граѓанска едукација, поттикнување на граѓански активизам и нудење простор за личен и социјален развој.

# Цели на ЛЕАД

* Промовирање и практикување на неформалното образование
* Креирање на програми за работа со млади
* Изработување на истражувања кои детектираат актуелни потреби
* Креирање на програми за општествена одговорност
* Вклучување на млади во процеси на донесување на одлуки
* Изработка на модели за институционално зајакнување
* Промовирање на соработка помеѓу граѓани од различни етнички групи
* Поттикнување на личен развој кај млади и возрасни

# Приоритет 1

Младинското учество е клучен фактор за гласот на младите да биде слушнат и тие да бидат вклучени во донесувањето на одлуките. Учеството на младите придонесува за тие да чувствуваат припадност кон земјата и својата заедница, но и е чекор за тие да станат активни граѓани.
Ова е една од темелните вредности за кои LEAD е основана и во наредните две години ќе биде главен фокус на организацијата.

**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИ И НАЦИОНАЛНИ ПРОЦЕСИ**

## Специфична цел 01

Зајакнување на 4 Училишни заедници во 2 града во Р. Македонија

## Специфична цел 02

Воспоставување на младински организации во 2 града во Македонија

## Специфична цел 03

Зајакнување на 2 студентски парламенти во Скопје

## Специфична цел 04

Започнување на консултативен процес за изработка на работен план за Национална стратегија за млади

# Приоритет 2

Во LEAD веруваме дека личната одговорност придонесува за зголемена општествена свест, а воедно и зголемена граѓанска активност. Личната и општествената одговорност претставуваат индикатор за свесни граѓани кои се грижат за околината во која живеат и придонесуваат за истата. Токму затоа ќе се стремиме да ги поттикнеме и зголемиме истите во наредните две години.

**РАЗВОЈ НА ЛИЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ КАЈ ГРАЃАНИТЕ**

## Специфична цел 01

Креирање на програма за волонтерство вметната во наставните програми на средните училишта

## Специфична цел 02

Имплементирање на програма за влијание врз заедниците (Service Learning) во едно училиште

## Специфична цел 03

Изработка на дигитален, интерактивен прирачник за едуцирање на граѓаните за нивните права

## Специфична цел 04

Имплементација на кампања за еколошка свест и енергетска ефикасност

# Приоритет 3

Личниот и кариерниот развој е еден од предусловите за среќни и исполнети индивидуи, кои инвестираат во себе, се мотивирани да се стекнат со нови вештини и знаења и се економски независни. Во LEAD сметаме дека секоја единка поседува уникатен потенцијал кој може да се развива и да придонесе за економските потреби во Македонија.

**ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЛИЧЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИ ПОТРЕБИ ВО МАКЕДОНИЈА**

## Специфична цел 01

Креирање на мрежа за бизнис менторство за млади

## Специфична цел 02

Изработка на компаративна студија за образовниот систем во Македонија и земји во светот

## Специфична цел 03

Развој на претприемачки и иновациски дух кај 100 млади

## Специфична цел 04

Кариерно насочување и кај средношколци во соработка со Кариерните центри на средните училишта